**20241282271**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4, а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА (*)

Член 1

Со ова решение се забранува увоз во Република Северна Македонија на пратки со бивални мекотели, ехинодерми, туникати и морски гастроподи во сите форми, како и на живи риби и живи школки кои се транспортирани во вода, кои потекнуваат и се испраќаат од Република Албанија.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија"

Бр. 02-1504/1
10 јуни 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

*Со оваа решение се врши усогласување со Одлуката на Комисијата од 2 март 2004 за заштитни мерки во однос на одредени живи животни и производи од животинско потекло кои потекнуваат или доаѓаат од Албанија (CELEX бр.32004D0225).